
ОПШТИНА
ДЕМИР ХИСАР
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ДЕМИР ХИСАР



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Со голема чест и чувство на одговорност се обраќам до вас како кандидат за втор мандат за градоначалник на Општина Демир Хисар. Изминатите години беа време на посветена работа, предизвици, но и значајни успеси, кои не само што ја менуваа нашата Општина, туку и го подобруваа животот на секој граѓанин.
Заеднички, со ваша поддршка, реализиравме проекти кои ја унапредија инфраструктурата, го зајакнаа образованието, ја развија културната и спортската сцена, и создадоа сигурна социјална мрежа за сите категории граѓани. Резултатите од оваа работа се видливи во секоја улица, во секое училиште, во секој објект кој ја отсликува нашата посветеност кон развој и модернизација на Општината.
Но, ова не е крај. Напротив, ова е само почеток на патот кон уште поразвиен и современ Демир Хисар. Со оваа изборна програма ја претставувам мојата визија за втор мандат – визија базирана на конкретни, остварливи дела и на посветеност кон сите граѓани.
Нашата цел е Општина Демир Хисар да биде:
Место каде што секое семејство има достоинствен и сигурен живот;
Место каде што младите остануваат, растат и се реализираат;
Општина со модерна и безбедна инфраструктура;
Општина која го поддржува образованието и создава современи услови за учење;
Општина каде што културата и спортот се достапни за сите, а талентите добиваат простор за развој;
Општина со развиена економија, поддршка за локалните бизниси и нови инвестиции;
Општина која ја негуваме со грижа и внимание кон сите граѓани.

Оваа програма не е само листа на планови – тоа е план за дела, резултат на нашето искуство, на вашите потреби и на визија за иднината. Со ваша поддршка, ќе продолжиме заедно да ја градиме Општина Демир Хисар како место на можности, развој и гордост за сите нас.
Ви благодарам за довербата и поддршката – заедно продолжуваме напред!

Со почит,
Никола Најдовски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Никола Дранговски – носител на советничка листа
2. Маја Велеска
3. Марија Христовска
4. Валентина Ѓорѓиовска
5. Илче Ангелевски
6. Клара Кузмановска
7. Виолета Балуловска
8. Петар Велевски
9. Михаил Стевковски
10. Јасмина Митревски
11. Љубиша Дамчевски



# I. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

- 1. Изработка на ГУП и ДУП за Демир Хисар, Суводол, Кутретино, Слепче и Сопотница.
- 2. Ставање во функција на индустриската зона во Демир Хисар преку создавање на соодветни услови и изградба на патна и комунална инфраструктура.
- 3. Изградба на Соборниот храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар.
- 4. Изградба на затворен базен во Демир Хисар.
- 5. Комплетна реконструкција на локалниот пат Демир Хисар до Манастирот „Свети Јован Претеча“ во село Слепче, во должина од 5 км.



# II. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

**1. Реконструкција на регионалната патна мрежа**

- Битола – Демир Хисар – Кичево, Демир Хисар – Крушево, Демир Хисар - Прилеп како и изградба на регионални патишта до Ресен и Охрид.

**2. Инвестиции во урбана инфраструктура**

- Подобрување на локалната патна и и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз.

**3. Изградба на локален пат од с. Сопотница до манастир „Свети Атанасиј“.**

**4. Реконструкција на локален пат Мраморица – Загориче – Обедник.**

**5. Реконструкција на локален пат од регионален пат до Кутретино – Суводол како и локални улици во наведените населени места.**

**6. Реконструкција на улици во Демир Хисар - дел од „Партизанска“ и „Гоце Делчев“.**

**7. Изградба на пат до црковниот храм „Свети Ленотиј“ во Граиште.**

**8. Изградба на улици во Единаковци.**

**9. Реконструкција на локален пат Ново Село-Ракитница.**

**10. Изградба на улици во „Света“.**

**11. Реконструкција на улици во Вирово.**

**12. Реконструкција на улица во Мренога.**

**13. Изградба на улици во Журче.**

**14. Изградба на локален пат до Радово.**

**15. Изградба на улици во Белче.**

**16. Изградба на улица во Мало Илино.**

**17. Реконструкција на улици во Жван.**

- 18. Изградба на улица и локален пат до муслиманските гробишта во Обедник.
- 19. Изградба на пешачки патеки од Демир Хисар до Кутретино и Демир Хисар до бензиска пумпа Маит.
- 20. Изградба на мост во Журче.
- 21. Изградба на Фекална канализациона мрежа во Вардино.
- 22. Санирање на мостови во Слоештица.
- 23. Уредување на речни корита и канали во Демир Хисар, Слепче, Сопотница, Суводол и Жван.
- 24. Ставање во функција за наводнување на вештачките езера во Суводол и Стругово.
- 25. Реконструкција на резервоари за вода во Базерник, Доленци, Зашле, Загориче, „Света“ и Единаковци.
- 26. Реконструкција на водоснабдителни системи во Слепче, Суводол и Сопотница.
- 27. Изградба на нови бунари за водоводот кој ги снабдува жителите во Демир Хисар.
- 28. Реконструкција на препумпна станица за водоснабдителен систем во Демир Хисар.
- 29. Тампонирање на полски патишта за пристап до земјоделски површини на целата територија во Општината.
- 30. Санација на каналот за наводнување во Жван.
- 31. Партерно уредување, нова урбана опрема и улично осветлување во парк Сопотница.
- 32. Чистење и обележување на планинарски патеки.
- 33. Партерно уредување и опремување на местата за рекреација во населените места Граиште, Прибилци, Суводол и Железнец.
- 34. Бесплатен јавен превоз за граѓаните во летниот период преку ЈП „ДЕХИ-ТРАНС“ Демир Хисар,.
- 35. Набавка на нов еколошки автобус за потребите на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар.

- **36. Одржлив урбан развој (нов одржлив концепт на урбанизација и домување).**
- **37. Создравање услови и ставање во функција на индустриската зона во Демир Хисар што вклучува изградба на патна и комунална инфраструктура.**
- **38. Изградба на водоводна мрежа во село Слепче.**

# III. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **1. Поддршка на иновации и претприемништвото**
  - Формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, како и креирање на научно-образовен локален центар.
- **2. Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП.**
- **3. Локална стратегија за промоција на странски инвестиции.**
- **4. Поттикнување и поддршка на занатечиството и малите локални бизниси.**
- **5. Издавање под закуп на постоечки индустриски капацитети на странски и домашни компании.**
- **6. Изработка или ревидирање и адаптирање на постоечките стратешки документи од областа на локален економски развој.**
- **7. Вклучување на бизнис заедницата во процесите на донесување на одлуки преку Локалниот економски совет.**
- **8. Поттикнување на вклучувањето на граѓаните при процесите на креирање на општинските стратегии и програми.**



# IV. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ

- **1. Реконструкција на подрачните училишта во трите основни училишта на територијата на Општина Демир Хисар.**
- **2. Опремување на училиштата со модерни смарт табли, нагледни средства и друго за поефикасно одвивање на наставниот процес.**
- **3. Реконструкција на спортската сала во ОУ „Браќа Миладиновци“, Жван.**
- **4. Субвенционирање на талентирани ученици.**
- **5. Субвенционирање на секое прваче и напредни ученици.**
- **6. Формирање на локален младински совет и отворање на канцеларија за млади и младински центар во Демир Хисар.**
- **7. Поттикнување на активностите и проектите на младинските здруженија и вклучување на младите во општинските активности.**
- **8. Реконструкција и доопремување на Детската градинка „Втори септември“ во Демир Хисар.**



# V. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 1. Дигитална инфраструктура

- Проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен WiFi, проширување на оптичката мрежа.
- Поставување на три бесплатени WiFi-зони во Демир Хисар, кај Плоштадот „Осми септември" Демир Хисар, Градскиот парк и Градскиот стадион во Демир Хисар.

## 2. Дигитални услуги и дигитална општина

- Open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот.
- Воведување на онлине плаќање на општинските даноци и такси.
- Воведување на нови е-слуги за граѓаните.

## 3. Креирање на отворени податоци кои ги изработува Општината, во машински обработлив формат.

## 4. Поттикнување на граѓаните да ги користат алатките за онлине комуникација со Општината.



# VI. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- **1. Поддршка на локалните спортски клубови во фудбал, одбојка, кошарка, планинарските и велосипедски здруженија, вљубениците во мото спортовите и адреналински спортови и слични активности**
- **2. Поттикнување на здравиот начин на живот кај младите**
  - Организирање на настани и предавања од страна на еминентни стручњаци од областа, како и познати спортисти кои потекнуваат од Демир Хисар.
- **3. Поддршка на сите спортски настани кои се организираат во општината како и на поединци и групи кои учествуваат на домашни и меѓународни спортски натпревари.**
- **4. Изградба на спортски терени со вештачка трева во Слепче, Сопотница, Кутретино, Демир Хисар и Единаковци.**
- **5. Реконструкција на спортско игралиште во „Света“ и „Вардино“.**



# VII. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **1. Замена на постоечкото улично осветлување со енергетско-ефикасни лед-светилки.**
- **2. Поставување на соларни панели на зградите на општинските институции.**
- **3. Селектирање и компостирање на отпад.**
- **4. Изградба на регионална депонија и затворање на постоечката, како и санирање на дивите депонии во Демир Хисар.**
- **5. Креирање на политики и кампањи за јакнење на свеста кај граѓаните за зачувување на животната средина.**
- **6. Набавка на механизација на ЈКП Комуналец за поефикасно одведување на сметот.**
- **7. Доопремување на ТППЕ Демир Хисар за заштита од пожари и други природни непогоди и други несреќи.**



# VIII. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- 1. Со изградбата и реконструкцијата на локалните патишта до манастирите во Демир Хисар значајно се поттикнува манастирскиот туризам.
- 2. Поддршка на правни и физички лица кои се занимаваат со туризам а посебно во делот на изградба и опремување на објекти за сместување во населените места.
- 3. Мапирање на туристичките ресурси во Општина Демир Хисар.
- 4. Промоција на културно-историски, гастрономски, здравствен, образовено-едукативен, ловен и риболовен, гео, транзитен, археолошки, религиозен, манифестационен, рурален, спортски и адреналински и зимско-рекреативен туризам.



# IX. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

**1. Поддршка на традиционалните манифестации кои се организираат во Општина Демир Хисар**

- Манифестации како: Рок-хепенинг, Демирхисарска летна школа, Велигденски фолклорни средби, Саеми на мед и земјоделски прозводи, Манастирско-поетско ехо и други настани.

**2. Поддршка на манифестациите за одбележување на традиционалните историски и верски обичаи и празници.**

**3. Финансиска поддршка на проекти од поединци и групи за поттикнување на творештвото и негување на културно-историското наследство.**

# X. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**1. Финансиска помош за маргинализирани групи преку социјални трансфери, како и за новороденчиња и првачиња.**

**2. Продолжување на соработката со ОО на Црвен крст Демир Хисар во сите полиња, особено во делот на пружање услуга за повозрасни граѓани**

ВМРО-ДПМНЕ